# ПОВРАТНИЦА

Уставните на огласна табла 16.12.11

II бр. 89/04

Ев. 1

Предмет на пратката (назив на актот што се доставува) решение Пн. 749/11

Број на прилозите 1

Предадено на пошта во Ресен

На адреса Адв. Јулијана Пандовска

Во Скопје

(Жиг на поштата)

ДО

ОСНОВЕН СУД
РЕСЕН

да се истакне на огласна 16.12.11

Потврдувам дека денес на ______

201__ година ја примив пратката означена на предната страница

Примач Потпис Врачувач

Направен обид за I дос.
на ден 16.09.2011 год.
забелешка Нема никој

16.09.11-07
1000

Направен обид за II дос.
на ден 19.09.2011 год.
забелешка Нема никој

SKOPJE
19.09.11-07
1000

Забелешка на врачувачот во случај на неиспорачување
Известен
По два обиди за достава
Нема никој во канцеларијата
Писмото е неврачливо

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА КАЈ
ПОШТА 7310

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

II. Бр. 89/04

........................... 201

ОСНОВЕН СУД - РЕСЕН
ПРИМЕНО
22.09.11

НО НА РАКА

RESEN
14.09.11-16
7310

RR046473055MK

R

Ресен

ДО

Адв. Јулијана Пандовска
ул. „М. Х. Јасмин" бр. 36/3
Скопје

25 (8) II доставa
НЕВРАЧЛИВО

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судиите: Љубомир Бошевски - претседател, Павлина Лескова и Васил БАткоски - членови, во правната работа на тужителите Христо Ристевски и Зорка Петровска двата од Скопје, против тужените Ифтуш Бекировска од Ресен, Кани Бекировски од Ресен и Медим Бекировски од Ресен сега во Копенхаген Данска со непозната адреса на живеење, за утврдување право на сопственсот и предавање на исплатен надомест според Законот за денационализација, вредност 116.190,00 денари, решавајќи по жалбата на тужителите против решението на Основниот суд во Ресен П.бр.89/2004 од 03.02.2011 година, на седницата одржана на 01.09.2011 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителите СЕ УВАЖУВА.

Решението на Основниот суд во Ресен П.бр.89/2004 од 03.02.2011 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА така што барањето на адвокатот Весна Пецалевска од Ресен, привремен застапник на тужениот Медим Бекировски од Ресен да се задолжат тужителите Христо Ристевски и Зорка Петровска двата од Скопје, да и ги надоместат парничните трошоци во износ од 10.000,00 денари, СЕ ОДБИВА како неосновано.

О б р а з л о ж е н и е

Со обжаленото решение задолжени се тужителите да и ги надоместат на привремениот застапник на тужениот Медим Бекировски од Ресен сега во Копенхаген Данска адвокатот Весна Пецалевска од Ресен парничните трошоци од 10.000,00 денари во рок од 15 дена од правосилнсота на решението.

Против вака донесеното решение жалба изјавија тужителите со која решението го побиваат по сите законски основи од чл.342 од ЗПП, со предлог жалбата да се уважи , а решението да се укине.

Од страна на привремениот застапник поднесен е одговор на жалба со кој предлага жалбата да се одбие како неоснована, а решението да се потврди.

Овој суд, го испита обжаленото решение согласно чл.354 в.в. со чл.371 од ЗПП, жалбата, одговорот на жалба и списите по предметот па најде:

Жалбата е основана.

Имено видно од списите по предметот од страна на првостепениот

суд со решение П.бр.89/2004 од 12.11.2009 година, на тужениот Медим Бекировски од Ресен сега во Копенхаген Данска со непозната адреса на живеење, адвокатот Весна Пецалевска од Ресен поставена е за привремен застапник заради прием на писмена - примерок од жалбата против пресудата на Основниот суд Ресен П.бр.89/2004 од 15.12.2008 година. Со писмен поднесок од 22.11.2010 година, привремениот застапник адвокатот Весна Пецалевска побарала да се задолжат тужителите да и ги надоместат трошоците во износ од 10.000,00 денари за прием на жалба по првостепената пресуда и прием на второстепената пресуда ГЖ.бр.70/10 од 21.10.2010 година.

Првостепениот суд постапувајќи по барањето на привремениот застапник го донел сега обжаленото решение со кое ги задолжил тужителите да и ги исплатат парничните трошоци во износ од 10.000,00 денари. Одлучувајќи на ваков начин првостепениот суд не ја имал во вид одредбата од чл.141 од ЗПП, со кој е регулирано прашањето за поставување на полномошник за примање на писмена кога странката или нејзиниот законски застапник кој се наоѓа во странство нема полномошник во Република Македонија.

Со оваа одредба определено е дека ако странката или нејзиниот застапник не назначи таков полномошник судот на странката нанејзин трошок ќе и најзначи привремен застапник овластен за примање на писмена и за тоа ќе ја извести странката односно нејзиниот законски застапник. Од содржината на оваа одредба произлегува дека трошоците на привремениот застапник ќе ги определи судот и ќе ја задолжи самата странка на која тој и е поставен да му ги плати.

При ваква состојба на работите имајќи го во предвид погоре изнесеното, ова значи дека тужителите не се пасивно легитимирани, а со тоа ниту можат да бидат задолжени со трошоците на полномошникот за примање на писмена туку таквите трошоци ги сноси самата странка.

Од погоре изнесените причини овој суд согласно чл.370 ст. 1 т. 3 од ЗПП, жалбата на тужителите ја уважи, решението го преиначи на начин што барањето на полномошникот назначен за примање на писмена го одби како неосновано.

Претседател на совет-судија,
Љубомир Бошевски с.р.

ПЛ/СЦ

Апелационен суд РМ Битола

Верно со оригиналот потврдува
Овлас. работник